**Известување за концентрација помеѓу Ленис Интермедиате, Инц., САД и ЛЕНИС фармацевтика д.о.о. Словенија**
**(предмет бр. 08-116/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 14.07.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Ленис Интермедиате, Инц. (*Lenis Intermediate, Inc.*), друштво кое е основано и постои согласно законите на Делавер, САД, со регистрирано седиште на 1209, Оранге Стреет, Вилмингтон, Делавер, 19801 Округ Њу Касл, ќе стекне единствена контрола врз ЛЕНИС фармацевтика д.о.о. (*LENIS farmacevtika d.o.o)*, со деловна адреса на Литостројска цеста 52, 1000, Љубљана, Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Ленис Интермедиате, Инц**. е холдинг компанија која врши активности на холдинг друштво, како единствена деловна активност. Ленис Интермедиате, Инц. нема економски активности и нема регистрирани зависни друштва на територијата на Северна Македонија.

**Ленис фармацевтика д.о.о** дава комплет услуги како регионален дистрибутер од Словенија за специјализирани („niche“) лекови и лекови кои се издаваат со рецепт (лекови со рецепт), во Централна и Источна Европа (CEE). Покрај обезбедување на овластувања за ставање на лек во промет, истото управува и со разни форми на Програми за ран пристап (*EAP*) и врши увоз на нелиценцирани лекови, а обезбедува и решенија за недостиг на лекови преку адресирање на привремени прекини во снабдувањето со лекови што се инаку достапни.

Во Република Северна Македонија, Ленис фармацевтика д.о.о има едно регистрирано зависно друштво во целосна сопственост – МЕДИКОФАРМАЦИЈА ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 5690781, со регистрирана адреса на ул. Борис Трајковски бр. 286, 1000 Скопје, Северна Македонија и регистрирана деловна активност 73.200 - Истражување на пазарот и испитување на јавното мислење.

За целите на оценка на предметната концентрација подносителот на известувањето предлага како релевантен пазар да се земе пазарот на трговија на големо и дистрибуција на фармацевтски производи во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

16.07.2025 година
Скопје